| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетта ни пристигна |
| **Содржина на денот** | Гнездо за ластовичката |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Вера Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување за безбедносните мерки за зачувување на здравјето (физичко растојание често миење на раце итн). |
| **Активности** | Моделирање на гнездо за ластовичката со пластелин.<br><br>Потребни материјали- пластелин, слики, апликации.<br><br>Игрите со пластелин се секогаш омилени кај децата и во овие услови кога мораме да седиме дома играјте и Вие со нив и збогатете ја детската игра. Пред да почнете да играте разговарајте со детето и запознајте го со пролетта како годишно време . Разговарајте за времето во пролет, будењето на животните, птиците и инсектите. Задржето го вниманието на птиците. Демонстрирајте слики од разни птици (врапчиња, штркови, ластовички). Објаснете го на детето начинот на настанување на птиците- од јајце до пиле. Користете слики и покажете му на детето гнезда во различна големина.<br><br>Дајте му на детето да игра со пластелин и помогнете му и направете гнездо за ластовичката. Овозможете му на детето да се радува за успешно завршената работа. |